ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 52 став (3) и (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

# О Д Л У К А
## за невршење на избор на кадидат
## по Интерен оглас бр.05/2023

1. За работното место **Советник за комунални работи**, со шифра УПР 01 01 В01 000, ниво В1, во Одделението за комунални работи и локални патишта – Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, во Општина Гевгелија, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник бр.04-1854/1 од 21.11.2023 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.04-1854/2 од 21.11.2023 година, доставени од Градоначалникот на Општина Гевгелија до Одделението за управување со човечки ресурси при Општина Гевгелија, на ден 24.11.2023 година, објавен е Интерен оглас број 05/2023, на веб страната на Општина Гевгелија и на веб страната на Агенцијата за администрација, за унапредување на административен службеник, на работно место Советник за комунални работи, 1 (еден) извршител, во Одделението за комунални работи и локални патишта – Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Гевгелија.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија, со Решение број 04-1854/7 од 11.12.2023 година, на ден 13.12.2023 година, во просториите на Агенцијата за администрација, по спроведената административна селекција, изготви Записник бр.04-1854/8 од 12.12.2023 година, во кој е наведено дека на огласот е пријавен само 1 (еден) кандидат и истиот е неуреден за понатамошната постапка, поради немање на работно искуство од минимум 3 години по дипломирањето, односно по заокружувањето на високото образование со минимум 240 ЕКТС.

Врз основа на наведеното, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Бр.08-1854/9
15.12.2023 година
Гевгелија

Изработил, Весна Хаџикојчева

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов***

Доставено до:
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива
-Административен службеник